СИГУРНОСНО СТАКЛО
Акционерско друштво
Бр 03-42
29.04.2023
Прилеп

# З А П И С Н И К
## ОД ОДРЖАНАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ ПРИ СИГУРНОСНО СТАКЛО АД ПРИЛЕП

Одржана на ден 29.04.2023 година , во просториите на Сигурносно Стакло АД Прилеп, со почеток во 15,30 часот.

Пред почетокот на седницата на Собранието на акционери се чита списокот на пријавени акционери , при што се констатира дека на седницата присуствуваат акционери, сопственици на обични акции со право на глас на 29.04.2023 година.

Списокот на пријавени акционери е составен дел на овој записник.

Собранието го отвори Ген.извршен Дир. Најдоски Драган, го спореди списокот на пријавени акционери според состојбата во Акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност Скопје и врз основа на списокот на пријавени акционери, откако тој беше потпишан од секој присутен акционер, односно полномошник на акционерот, се изврши верификување на присуството на присутните акционери, при што претседавачот утврди дека од вкупниот број на акции со право на глас - 21377, на оваа седница присутни се акционери кои претставуваат 17801 акции, или 17801 гласа, односно изразено во проценти 83.25 % со што е констатирано дека постои кворум за работа на собранието.

## ДНЕВЕН РЕД

ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:

- Отворање на седницата на собранието на акционери
- Избор на претседавач на седницата на собранието на акционери
- Избор на записничар за водење на записникот на собранието
- Избор на оверувачи на записникот
- Бројач на гласови

РАБОТЕН ДЕЛ:

1. Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансискиот и годишниот извештај за работењето на друштвото во работната 2022година
2. Донесување на одлука за одобрување на работата и водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на Директори во Сигурносно Стакло АД Прилеп
3. Донесување на одлука за распоред на добивката за тековната 2022година, како и покривање на акумулираната загуба.
4. Донесување на одлука за засновање на заложно право-хипотека
5. Донесување на одлука за отуѓување - продажба на имот со право на користење на градежно земјиште, како и движен и недвижен имот сопственост на Сигурносно Стакло АД Прилеп.
6. Донесување одлука за назначување на лице за контакт со инвеститори
7. Донесување на одлука за овластување на ревизорска куќа за вршење на ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи во работната 2023 година

Се премина кон разгледување и усвојување на точките од дневниот ред на процедуралниот дел. За претседавач на собранието е избран акционерот Најдоска Жаклина, за записничар е избран акционерот Карапеески Живко, а оверувач акционерот Станоески Бранко.

После исцрпување на процедуралниот дел, се премина кон разгледување на точките од работниот дел на дневниот ред.

1. <u>По првата точка</u>- Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансискиот и годишниот извештај за работењето на друштвото во работната 2022година, појаснување даде Генералниот Извршен Директор и мнозински акционер, Драган Најдоски.
Генералниот Извршен Директор направи споредба на работењето на друштвото во 2021 година со работењето на друштвото во 2022 година. Беше констатирано дека друштвото работело во подобри услови за работа и дека скоро за два пати се зголемени приходите , но и расходите од раборењето. Но евидентно е поголемо зголемување на приходите како резултат на продажба на електрична енергија од фотонапонската централа.Тоа зборува дека направената реорганизација на работењето на друштвото, даде првични резултати.Но, како и секоја година, и на ова собрание морам да нагласам дека главен фактор кој ја нарушува целокупната слика за друштвото, е акумулираната загуба, која на 31.12.2022 година изнесува 77.652.618,оо денари.
Во отежнатите услови на работење, приходите во тековната година изнесуваат 12.015.407,оо денари.
Споредувајќи ги резултатите од работењето во 2022 и 2021 година, евидентно е зголемување на обврските во 2022 година, и истите изнесуваат 41.260.729,ооден, во споредба со обврските во 2021 година кои изнезувале 28.028.460,оо ден. Ова е резултат од набавката на фотоволтажниот систем.
Сите овие бројки укажуваат на тоа дека друштвото се „бори„ да одржува континиутет во работењето и во годината која ни предстои, секако ќе успее да ги подмирува тековните и да намалува дел од застарените обврски. Со тоа Генералниот Извршен директор го заврши излагањето по првата точка од дневниот ред. Бидејќи немаше прашања од присутните акционери по првата точка од дневниот ред- работен дел, претседавачот на собранието ја стави точката на гласање.
По однос на првата точка гласаа едногласно сите акционери, т.е. 17801 гласа ,т.е 83.25% . Со тоа, Собранието ја донесе ОДЛУКАТА за усвојување на годишната сметка, финансискиот и годишниот извештај за работењето на друштвото во работната 2022 година.

2. <u>По втората точка</u> - Донесување на одлука за одобрување на работата и водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на Директори во Сигурносно Стакло АД Прилеп, како надоврзување кон претходното излагање, Генералниот Извршен Директор Најдоски Драган, истакна дека не треба да се потценат напорите што ги прави Одборот на директори, со цел друштвото да опстане, и да остане препознатливо на пазарот и во деловните кругови во сферата на стакларската индустрија. Воедно, презентирајќи ги показателите од Годишниот извештај на друштвото, ја потенцираше користа од инвестирањето во фотонапонска централа и учество на пазарот за производство на електрична енергија.
Со оглед на тоа што немаше прашања од присутните акционери по втората точка од дневниот ред- работен дел, претседавачот на собранието ја стави точката на гласање.
Едногласно, сите присутните акционери, 17801 гласа ,т.е 83.25% гласови, гласаа „за„ оваа одлука , со што Собранието ја донесе ОДЛУКАТА за одобрување на работата и водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на Директори во Сигурносно Стакло АД Прилеп
3. <u>По третата точка</u> – Донесување на одлука за распоред на добивката за тековната 2022 година и покривање на акумулираната загуба, повторно збор зеде Ген.Изв. Дир. акционерот Најдоски Драган, кој потенцираше дека согласно законската регулатива, добивката остварена во тековната година, се распределува, по приоритет, и тоа, најнапред на покривање на загубата, потоа за издвојување за законски резерви, и на крај за исплата на дивиденда. Но повторно ќе кажам дека најбрз начин за покривање на акумулираната загуба е по пат на продажба на недвижен имот. Друга опција е преку наоѓање на стратешки партнер, со кој по пат на заедничка инвестиција би се направиле услови за подобрување на финансиската состојба на друштвото. Но втората опција потешко може да се реализира, со оглед на

моменталната економска состојба во нашата држава. По оваа точка од дневниот ред, ниту еден присутен не се јави за дискусија, со што претседавачот на собранието ја стави точката на гласање. Акционери со против гласови, не се јавија , така што, едногласно, со 17801 гласа ,т.е 83.25% се гласаше за донесување на одлуката.

Со мнозинство гласови од присутните акционери Собранието ја донесе ОДЛУКАТА за распоред на добивката од тековната 2022 година и покривање на акумулираната загуба .

4. По четвртата точка - Донесување на одлука за засновање на заложно право-хипотека, имајќи го во предвид претходното излагање на Ген.Изв.Дир., за донесување и прифаќање на одлуката гласаа сите акционери, односно 17801 гласа ,т.е 83.25%.

Со тоа, со мнозинство гласови од присутните акционери Собранието ја донесе ОДЛУКАТА за засновање на заложно право-хипотека.

5 По петтата точка - Донесување на одлука за отуѓување-продажба на имот со право на користење на градежно земјиште, како и движен и недвижен имот сопственост на Сигурносно Стакло АД Прилеп , повторно збор даде Ген.Изв.Дир, кој потенцираше дека на таков начин ќе се успее да се намали акумулираната загуба на друштвото. Во секој случај, најнапред ќе се гледа со редовното работење, да се создадат услови за генерирање на приходи во друштвото. Продажбата би била евентуална последна можност за тоа. Од присутните акционери никој не се јави за дискусија по оваа точка од дневниот ред, па претседавачот на собранието ја стави точката на гласање. Акционери со против гласови, не се јавија , така што, едногласно, со 17801 гласа ,т.е 83.25% се гласаше за донесување на одлуката.

Со мнозинство гласови од присутните акционери Собранието ја донесе ОДЛУКАТА за отуѓување-продажба на имот со право на користење на градежно земјиште, како и движен и недвижен имот сопственост на Сигурносно Стакло АД Прилеп.

6. По шестата точка – Донесување на одлука за лице за контакт со инвеститори- беше прифатен предлогот, лицето да биде мнозинскиот акционер- Најдоски Драган, заради искуството и познавањето на проблематиката на друштвото. Едногласно ,со 17801 гласа ,т.е 83.25% се гласаше за донесување на одлуката.

Со мнозинство гласови од присутните акционери Собранието ја донесе ОДЛУКАТА за лице за контакт со инвеститори.

7. По седмата точка - Донесување на одлука за овластување на ревизорска куќа за вршење на ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи во работната 2023година , Генералниот извршен директор Најдоски Драган, спомна дека и оваа година, од неколку понуди единствено најповолна е понудата од Пелагониска Ревизорска куќа. Предлог одлуката е ставена на гласање. Едногласно, со 17801 гласа ,т.е 83.25% беше донесена ОДЛУКА ЗА овластување на Пелагониска Ревизорска куќа за вршење на ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи во работната 2023 година .

Со тоа беше исцрпен дневниот ред и седницата на Собранието на акционери заврши во 17,30 часот.

| Записничар, | Оверувач, | Собрание на акционери<br>Претседавач |
|---|---|---|
| Карапеески Живко | Станоески Бранко | Најдоска Жаклина |